ПОЧИТУВАНИ...

ОГРОМНА Е ЧЕСТА ДА СЕ БИДЕ ДЕНЕСКА НА ОВА МЕСТО, КОЕ Е СИМБОЛ НА ПОВРЗУВАЊЕТО НА МОСТОВИТЕ НА КУЛТУРАТА, ИСТОРИЈАТА И ТРАДИЦИЈАТА НИЗ ВЕКОВИТЕ, ЗАЛОГ ОД МИНАТОТО И ОБВРСКА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ИДНИНА. БЕЗВРЕМЕНОСТА И ТРАЈНАТА ВРЕДНОСТ НА КУЛТУРНО-ДУХОВНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОВИЕ ПРОСТОРИ Е СОДРЖАНО ВО СИМБОЛИКАТА НА НАСЛОВОТ НА ПРОЕКТОТ*ПОД ЕДНО НЕБО*, КОЈ НЕ СЛУЧАЈНО Е ИЗБРАН И НЕ СЛУЧАЈНО ТОКМУ ДЕНЕСКА СВЕЧЕНО ГО ПРОМОВИРАМЕ.

НА ОВОЈ ГОЛЕМ ДЕН, ВЕРСКИОТ ПРАЗНИК ПОСВЕТЕН НА СВЕТИ СИМЕОН СТОЛПНИК, КОЈ ЖИТЕЛИТЕ ОД ГРАДЕЦ ОД ПАМТИВЕК ГО СЛАВАТ КАЈ ИСПОСНИЦАТА НА СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, ПРВОТО ПРЕБИВАЛИШТЕ НА НАШИТЕ ПРОСТОРИ НА ОСОГОВСКИОТ ПУСТИНОЖИТЕЛ, Е ОДРАЗ НА НЕПОКОРОТ, ИСТРАЈНОСТА И СИЛНАТА ВЕРБА ВО ВИСТИНСКИТЕ ЖИВОТНИ ВРЕДНОСТИ. ОВОЈ ПРОСТОР Е МЕСТО КАДЕ НЕ СЕ РАСКИНУВААТ, ТУКУ НАПРОТИВ, СЕ СПЛОТУВААТ И СЕ СОЗДАВААТ НОВИ ВРСКИ, ШТО ГО ПОКАЖУВА И НАШАТА ЗАЛОЖБА ЗА НЕГОВО УРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА НЕГОВАТА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКА ДИМЕНЗИЈА.

ПРОЕКТОТ*ПОД ЕДНО НЕБО*, ГО РЕАЛИЗИРАВМЕ ЗАЕДНО СО ОПШТИНА ДУПНИЦА, ВО РАМКИТЕ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПОГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА, СО ЦЕЛ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА НА ВРЕДНИТЕ КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ОБЕЛЕЖЈА И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН.

ГО КОРИСТАМ ОВОЈ МОМЕНТ ДА ИСКАЖАМ ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОВОЈ ПРОЕКТ, НА ОПШТИНА ДУПНИЦА ЗА СОРАБОТКАТА КОЈА ЈА ИМАВМЕ ВО РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА ОВОЈ ПРОЕКТ КАКО И НА МНОГУ ДРУГИ ПРОЕКТИ, КАКО И НА СИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА КОИ УЧЕСТВУВАА ВО РАБОТАТА ПО ПРОЕКТОТ, КАКО И НА ОНИЕ КОИ КАКО ВОЛОНТЕРИ РАБОТЕА НА ОВОЈ ПРОЕКТ КОЈ ДЕНЕС СВЕЧЕНО ГО ПУШТАМЕ ВО УПОТРЕБА.

ПОВРЗАНОСТА И ИСТОРОДНАТА МИСИЈА НА ДУХОВНИТЕ БРАЌА-СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ И СВЕТИ ЈОВАН РИЛСКИ, БЕШЕ ПРИЧИНА ПОВЕЌЕ ДА ГО ОБНОВИМЕ ОВА САКРАЛНО И КУЛТУРНО ЈАДРО, НО И ДА СОЗДАДЕМЕ НОВА ТУРИСТИЧКА МАПА ВО КОЈА ЌЕ ГИ ВНЕСЕМЕ ДОСЕГА НЕОТКРИЕНИТЕ И МАЛКУ ПОЗНАТИ ЛОКАЛИТЕТИ НАОВА ПОДРАЧЈЕ.

ЦЕЛОКУПНИОТ ПРОЕКТ Е ВРЕДЕН 296.594 ЕВРА, ОД КОИ НА КРИВА ПАЛАНКА , КАКО ВОДЕЧКИ ПАРТНЕР И ПРИПАДНАА 237.173 ЕВРА, А НА ОПШТИНА ДУПНИЦА ОКОЛУ 59.000 ЕВРА. СО ДОБИЕНИТЕ СРЕДСТВА ОД ОВОЈ ЕВРОПСКИ ФОНД, НАШАТА ОПШТИНА АСФАЛТИРАШЕ 1 КИЛОМЕТАР ОД ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КРИВА ПАЛАНКА- ГРАДЕЦ, А ПРОБИЕНИ СЕ И УШТЕ 950 МЕТРИ ДО ИСПОСНИЦАТА НА ОСОГОВСКИОТ ПУСТИНОЖИТЕЛ, СО ШТО ЈА НАДМИНАВМЕ НАЈГОЛЕМАТА БАРИЕРА ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ И ОВОЗМОЖИВМЕ ПРИСТАП ДО ОВА СВЕТО МЕСТО.

НА САМИОТ ЛОКАЛИТЕТ КАЈ ПЕШЕРАТА,ПАК, ИЗВРШИВМЕ КОМПЛЕТНО ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ, КАДЕ СЕ ИЗГРАДЕНИ НАСТРЕШНИЦА, АМФИТЕАТАР, ПАРКИНГ ПРОСТОР И ПРИСТАП ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ. НОВОИЗГРАДЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО СЕКОЈ СЕГМЕНТ СООДВЕТСТВУВА НА АМБИЕТНАЛНАТА АРХИТЕКТОНИКА НА ПРОСТОРОТ, БЕЗ ДА СЕ НАРУШИ ПРИРОДНОТО, САКРАЛНО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ.

СО НОВИТЕ КАПАЦИТЕТИ, СОЗДАДОВМЕ НОВА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА ЗА КОЈА ПОСТОИ ОГРОМЕН ИНТЕРЕС ОД ГОЛЕМ БРОЈ ПОСЕТИТЕЛИ ОД ЗЕМЈАВА И ОД СВЕТОТ.ВСУШНОСТ, ЈА ЗАОКРУЖИВМЕ ТУРИСТИЧКАТА ПРИКАЗНА ЗА ОСОГОВСКИОТ ПУСТИНОЖИТЕЛ, КОЈА ОДСЕГА ЌЕ ЗАПОЧНУВА ОДОВДЕ, ОД ПЕШТАРАТА ВО ГРАДЕЦ, А ЌЕ ЗАВРШУВА ВО МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС *СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ*, КАДЕ СЕ НАОЃААТ МОШТИТЕ НА ОСОГОВСКИОТ СВЕТЕЦ. ОВА, ПАК, Е ОГРОМЕН ВЛОГ ВО НАШИОТ НАЈГОЛЕМ БРЕНД, ПО КОЈ НЕ ПРЕПОЗНАВААТ И СО КОЈ НЕ ИДЕНТИФИКУВААТ СИТЕ.

СО ОВА ОВДЕКА ШТО Е НАПРАВЕНО СЛОБОДНО МОЖЕ ДА КАЖАМ ДЕКА ЈАС КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК СЕ ГОРДЕАМ, А СЕ ГОРДЕЕМЕ И СИТЕ КРИВОПАЛАНЧАНИ, БИДЕЈКИ АКО НАШИТЕ ПРЕТЦИ НАПРАВИЛЕ МАНАСТИР ВО ЧЕСТ НА СВЕТЕЦОТ И НА НЕКОЈ НАЧИН СМЕТАЛЕ ДЕКА СО ТОА СЕ ОДОЛЖУВААТ КОН СВЕТЕЦОТ, СЕГА НИЕ ОВАА ГЕНЕРАЦИЈА СТАВАМЕ БЕЛЕГ НА НЕГОВОТО ДЕЛО И НА НЕГОВОТЕ ПОСТОЕЊЕ И ОВА Е ВСУШНОСТ СИМБОЛИЧНО ОДОЛЖУВАЊЕ НА ОВАА ГЕНЕРАЦИЈА КОН СВЕТЕЦОТ.

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ПОДГОТВЕНА Е И ПУБЛИКАЦИЈА ЗА САКРАЛНОТО НАСЛЕДСТВО НА ПРОСТОРИТЕ НА КРИВА ПАЛАНКА И ДУПНИЦА, А ПО ПРЕТХОДНО ИЗВРШЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ОД СТРАНА НА МАКЕДОНСКИ И БУГАРСКИ ЕКСПЕРТИ. ВО НЕА ЌЕ БИДАТ СМЕСТЕНИ ДОСЕГА СЕ УШТЕ НЕОТКРИЕНИТЕ И НЕПОЗНАТИ САКРАЛНИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ЛОКАЦИИ, СО ШТО ВИДНО ЌЕ СЕ ЗБОГАТИ ТУРИСТИЧКА ПОНУДА И ЌЕ СЕ АФИРМИРААТ НЕИСКОРИСТЕНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ, КОИ СЕОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЦЕЛОКУПНИОТ РАЗВОЈ НА ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН. ВЕРУВАМЕ ДЕКА СО НЕЈЗИНАТА ПРОМОЦИЈА ЌЕ ЈА ПОБУДИМЕ ЉУБОПИТНОСТА КАЈ БРОЈНИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ ОД НАЈРАЗЛИЧНИ КАТЕГОРИИ.

ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ,

ВЛОЖУВАЈЌИ ВО РЕАФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, КОЕ НИ ГО ОСТАВИЛЕ КАКО АМАНЕТ НАШИТЕ ПРЕТЦИ, ВЛОЖУВАМЕ ВО СЕГАШНИТЕ И ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ, НА КОИ ИМ ДАВАМЕ МОТИВ И ПОТТИК ДА ЈА ПРОДОЛЖАТ ИСТОРИСКАТА МИСИЈА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ.

СО СВЕЧЕНОТО ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА НОВАТА ДЕЛНИЦА И НОВОУРЕДЕНИОТ ЛОКАЛИТЕТ ВО ГРАДЕЦ, ОТПОЧНУВАМЕ СО ИСЦРТУВАЊЕ НА НОВ ДУХОВЕН И ТУРИСТИЧКИ ПАТ, ВО КОЈ ВЕРУВАМЕ ДЕКА СВОЈА ТРАГА ЌЕ ОСТАВАТ ОГРОМЕН БРОЈ ПОСЕТИТЕЛИ, КОИ ЌЕ ЈА ПОНЕСАТ ОВДЕШНАТА ПРИКАЗНА СО

СЕБЕ, ПРЕНЕСУВАЈЌИ ЈА НИЗ ЕВРОПА И СВЕТОТ. А СО НОВАТА ТУРИСТИЧКА КАРТА КРИВА ПАЛАНКА ЌЕ ЈА ПРЕОБЛИКУВАМЕ ВО ЕВРОПСКА ОПШТИНА СО ПРЕПОЗНАТЛИВИ И БРЕНДИРАНИ КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ И ТУРИСТИЧКИ БЕЛЕЗИ.

НЕКА НИ Е ВЕЧЕН ДЕНЕШНИОТ ПРАЗНИК И НЕКА ЗАПОЧНЕ ТУРИСТИЧКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НИЗ КУЛТУРНИТЕ И ДУХОВНИ БОГАТСТВА И ТАЈНИ НА КРИВА ПАЛАНКА И ДУПНИЦА.

ВИ БЛАГОДАРАМ!